Australian Government | Be Connected Every Australian online.

# Користење на touchscreen

**Еве неколку совети за користење на touchscreen-от на умен телефон или таблет.**

## Основни начини на контрола

Неколку основни движења на прстите на touchscreen-от (екран за допирање) ќе ви помогнат да направите поголем дел од тоа што го сакате.



**Контролирајте го вашиот умен телефон или таблет со врвовите на прстите**

- **Потчукнување (tap)** е најчестиот начин на контрола со допир. Вие може да потчукнете на некое копче или интернет врска (web link) на вашиот touchscreen, за да ги користите.
- **Прелистување (scroll)** на интернет страници и документи со допирање на екранот и лизгање на прстот нагоре и надолу.
- **Лизгање (swipe)** настрана за да се преминува од еден екран на друг. Допрете го екранот близу до едниот раб и лизгајте го прстот кон другиот раб, и кренете го прстот пред да дојдете до работ.
- Потчукнете во некој правоаголник за внесување на текст (text entry box), за да пишувате во него. На екранот ќе се појави тастатура (keyboard) и вие потоа можете да пишувате допирајќи ги буквите.
- За да се појават тие знакови, често треба да потчукнете некоја специјална бројка или копче за симбол.
- Голем број тастатури даваат сугестии додека пишувате. Допрете го предложениот збор, за да не морате да го пишувате целиот.

## Понапредни начини за контрола

Вие може да користите специјални движења со прстите, за да правите уште повеќе нешта на апарат со touchscreen.

- За „зумирање" на интернет страница, фотографија или мапа, ставете два прста собрани заедно врз нешто на екранот, а потоа раздвојте ги.
- За спротивен ефект, ставете два прста одвоени врз нешто на екранот, а потоа соберете ги како да штипнувате.

# Користење на touchscreen

- Вртете го екранот ставајќи два прста врз екранот – еден близу врвот, другиот близу дното на екранот - и движејќи ги во круг.
- Уживајте во поширок поглед така што вашиот апарат ќе го свртите од позиција на портрет (исправена) во позиција на пејзаж (легната). Екранот автоматски ќе се сврти како што го вртите апаратот.
- За да откриете повеќе опции, држете го прстот врз некоја работа на екранот. Ќе се појави листа на опции.

## Што уште може да направите со вашиот touchscreen

Заклучете го екранот на вашиот апарат со touchscreen, за апаратот да биде безбеден.

- Голем број умни телефони (smartphones) и таблети користат скенер за отпечатоци на прстите, за лесно да се отклучат.
- Заради безбедност, голем број апарати користат личен број за идентификација (PIN) или заклучување/отклучување со шарка (pattern lock).
- Со опцијата Settings на вашиот апарат може да меморирате заклучување/отклучување со шарка или PIN, и да ги снимите отпечатоците на прстите.




**Може да одредите заклучување/ отклучување со шарка, со број или со отпечаток на прстот**

Може да користите апликации за максимално да го искористите вашиот апарат со touchscreen.

- Апликациите (apps) се програми за вашиот апарат и се дизајнирани за извршување на низа различни задачи.
- Апликации може да земете од iTunes App Store за Apple апарати, од Google Play Store за Android апарати и од Windows Store за Windows апарати.
- Вашиот апарат ќе дојде со голем број инсталирани корисни апликации, вклучувајќи пошта (mail), контакти и камера.
- За нови апликации може ќе треба да се плати или ќе бидат бесплатни. Платените апликации обично имаат повеќе алатки.
- Апликациите често ви даваат известувања, како што се потсетувања или новости. Лизгајте со прстот надолу од врвот на екранот за да ги видите. Потчукнете на известувањето за да видите повеќе поединости и лизгајте со прстот вдесно за да ги отфрлите.

# Користење на touchscreen

Најдете време да истражите други начини на контрола на вашиот апарат со touchscreen.

- Копчето „Home” ве враќа на главниот екран на вашиот апарат. На некои апарати тоа е тркалезно или јајцевидно копче под екранот. На некои апарати тоа копче е во долниот дел на самиот екран.
- За да затворите апликација на Apple апарат, притиснете го двапати копчето „Home” и лизнете ја апликацијата нагоре.
- За да затворите апликација на Android апарат, потчукнете го четвртестото копче „Apps” во долниот дел од екранот и лизнете ја апликацијата настрана.
- Други опции на некоја апликација се често во „хамбургер” листата – три куси хоризонтални линии поставени една над друга. Потчукнете ја листата за да ги видите опциите.



**Затворање на апликација на iPad**